МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во април 2021 г.

11

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 4

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 4

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минималниот рок за консултации на ЕНЕР: 0

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 0

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 7

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министер ство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 3 | 2 | 67% |
| МОН | 3 | 0 | 0% |
| МТСП | 1 | 1 | 100% |
| МЗ | 1 | 1 | 100% |
| МИОА | 1 | 1 | 100% |
| МЕ | 1 | 1 | 100% |
| МЗШВ | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 11 | 7 | 64% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од МЦМС со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 60**

---

**кај 4 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

---

**7 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

---

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на април 2021 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 30 април 2021 г., до Собранието беа поднесени вкупно **19** предлог-закони, а за 11 од нив постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 11 предлог-закони, четири беше ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван, но статусот на ЕНЕР не е сменет во "Затворен" кај ниту еден предлог-закон. Останатите осум предлог-закони немаат обврска да бидат ставен на ЕНЕР бидејќи шест се предложени од групи на пратеници а два се ратификации.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови, предложен од **Министерство за финансии,** Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, Предлог-закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, предложен од **Министерство за образование и наука.**

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за изменување на Законот за данокот на добивка, Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управна инспекција, по скратена постапка, предложен од **Министерство за информатичко општество и администрација,** Предлог-закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност, по скратена постапка, предложени од **Министерство за економија**, Предлог-закон за дополнување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка, предложен од **Министерство за здравство,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци, по скратена постапка, предложен од **Министерство за труд и социјална политика,** Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од корона вирусот COVID-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка, предложен од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.**

Предлог-законите предложени од МФ, МЗ и МЗШВ кои не беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста се директно поврзани со справувањето со кризата предизвикана од КОВИД-19.

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог на Закон за учебници и други настани и дидактички материјали во основно и средно образование**

## Предлог на Закон за учебници и други настани и дидактички материјали во основно и средно образование

Предложениот Закон предвидува значајни промени во однос на користењето на учебниците во хартиена форма. Согласно член 6 од предлог-законот учениците од прво, второ и трето одделение во основното образование ќе користат учебници во печатена форма за наставните предмети мајчин јазик, математика, општество, природни науки и англиски јазик, а за останатите наставни предмети користат учебници и други наставни и дидактички материјали во печатена и/или електронска форма. Учениците од четврто до деветто одделение во основното образование, како и учениците во сите години на средното образование користат дигитални учебници и други наставни и дидактички материјали во електронска форма кои се поставуваат на интернет платформата. Предлог-законот дава можност наставникот односно ученикот да го користи наставниот и дидактичкиот материјал од електронската платформа или да го испечати од платформата. За еден наставен предмет се одобруваат најмногу до три учебници за употреба.

Концепција за учебници и други настани и дидактички материјали и Методологија за вреднување на учебници и други наставни и дидактички материјали се утврдени од страна на Министерот за образование на предлог на Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука.  Член 9 од предлог-законот предвидува Бирото односно Центарот да објавува јавен повик за доставување на барање за одобрување на употреба на учебници и други настани и дидактички материјали. Овој јавен повик се објавува во октомври а постапката треба да заврши најдоцна до 10 мај во тековната учебна година, за учебниците и другите наставни и дидактички материјали кои ќе се употребуваат во наредната учебна година.  Учебниците и другите наставни и дидактички материјали за кои се бара одобрување на нивна употреба во основните и средните училишта, се поднесуваат во електронска форма, на електронска платформа за одобрување на учебници и други наставни и дидактички материјали.

Според член 10 од предлог-законот директорот на Бирото, односно директорот на Центарот формира комисии за разгледување и предлагање за употреба на учебниците и другите наставни и дидактички материјали. Секоја од овие комисии е составена од претседател и четири члена, од кои еден член е лице номинирано од **Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**. Членот номиниран од Советот треба да има најмалку 10 години искуство од областа на недискриминација, човекови права, родовата еднаквост и мултикултурализмот. Мандатот на претседателот и членовите на комисиите е две години. За работењето на претседателите и членовите на овие комисии им следува надоместок, чија висина ја утврдува Министерот за образование. Висината на надоместокот се утврдува врз основа на бројот на страните на поднесените учебници, наставни, односно дидактички материјали кои комисијата ги разгледувала и за истите доставила предлог за нивно одобрување или неодобрување за употреба.

Член 18 од предлог-законот предвидува за учениците кои се од социјално загрозени семејства и немаат уреди за учење од соодветните дигитални учебници, како и за учениците кои поради попреченост имаат потреба од уреди и/или помошна технологија, училиштето е должно да обезбеди услови за секој ученик да има пристап до употреба на учебник.

Според член 30 од овој предлог-закон, учебниците кои се одобрени за употреба во основните и средните училишта до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, продолжуваат да се употребуваат, освен оние учебници за кои е поведена постапка за повлекување од употреба.

Државниот просветен инспекторат врши надзор над спроведувањето на одредбите од овој Закон.

Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а предвидено е да отпочне да се применува од учебната 2021/2022 година.